ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-7511/10
Дата, Data 15-11-2024
СКОПЈЕ - ШКУП

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22)), вд Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 06/2024**

За извршител на работно место:

1. Раководител на одделение за комуникациски технологии, во Одделение за комуникациски технологии, во Сектор за ИТ и развој, со шифра КДР0102Б04147, ниво Б04, 1 ( еден извршител), се избира кандидатот:

   **1. Жаклина Мицевска**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 01.11.2024 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: **Раководител на одделение за комуникациски технологии, во Одделение за комуникациски технологии, во Сектор за ИТ и развој, со шифра КДР0102Б04147, ниво Б04, 1 (еден извршител),** со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-7511/7 од 14.11.2024 година, донесено од страна на в.д. Директорот, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до Директорот финална ранг листа, од уредни кандидати бр. 0401-7511/9 од 14.11.2024 година.

Врз основа на финалната ранг листа, в.д. Директорот изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д. Директор
М-р Тони Миновски

**Доставено до:**
-Сектор човечки ресурси;
-Архива;
-Именуваниот.

Изработил: Соња Ливриниќ
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов